РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1951/1
14-07-2025 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата со број 12-3125/1 од 11.12.2024 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Фондот ---- на Северна Македонија.

Предметот со број 12-3125/1 од 11.12.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку полномошник адвокат ----, на ден 11.12.2024 година, поднесена е пријава против Фондот ---- на Северна Македонија и оформен е предмет број 12-3125/1 од 11.12.2024 година.
Во пријавата полномошникот, наведува дека подносителите на пријавата биле сместени во Пензионерскиот дом во ----на ул. ----, но дека истиот бил со лоши услови за живот за станарите поради лошото менаџирање и незаконското работење од страна на ----, Управник на домот.
Во продолжение се наведува дека хигиената во домот била на најниско ниво како и дека противпожарите апарати со наредба на наведениот управник биле

отстранети, со оправдување дека истите може да бидат предмет на кражба, за подоцна да ги распореди кај одредени станари кои му биле блиски.
Исто така, се наведува дека посочениот дом наплаќал по 100 денари за одржување на хигиена од станарите, како и дека истиот без одобрување од станарите, односно без да биде склучен никаков договор, ги приклучил сите станари на парно греење за што им се наплаќале сметки за парно греење без да го користат истото.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана законската регулатива при што беше утврдено дека согласно член 185 став 1 од Законот за пензиско и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) со домовите и становите за живеење на корисниците на пензија, објектите наменети за клубови за дневен престој, објектите наменети за одмор и рекреација на корисниците на пензија и други објекти што се државна сопственост, управува Фондот.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување до Фондот ---- на Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор